# Обука за криминал од омраза

# поим на криминал од омраза

**Меѓународна и регионална правна рамка**
**Користење на законот во Северна Македонија за гонење на криминал од омраза**



## д-р Александар Маркоски



**14 декември 2022 година, Апелационен суд, Скопје**

- РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
- „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

# МЕЃУНАРОДНАТА ДИМЕНЗИЈА - ТЕРМИНИ

- Синоними претставуваат изразите: казнени дела на пристрасност/ на необјективност (bias)/на предрасуда/ на срдба.
- Постои препорака од ЕУ во Поглавје 23 за собирање и анализа на податоци за криминалитетот од омраза.
- ПОЧЕТОЦИТЕ
- 1980 година, во Њујорк формиран првиот полициски оддел со специјалност – справување со криминалитетот од омраза.
- 1985 год. Во Конгресот во САД претставен нацрт-законот „Закон за статистика на делата на омраза“.
- По однос на тоа како е дефиниран  мотивот на предрасуда, законодавствата во светот користат или модел на „непријателство“ или модел на „дискриминаторна селекција“.

# ЕТИЛОГИЈА И ФЕНОМЕНОЛОГИЈА НА ДЕЛАТА НА ОМРАЗА

- Делата на омраза се умислени дела, материјални деликти и претежни сторители се лица од машки пол. Тие не се конгруентни казнени дела, што значи постојат самостојно и не се обусловени од некое предикативно казнено дело.
- Причината за сторување на дела на омраза не треба да се бара само во психопатологијата, туку во културолошкото ниво на сторителите. Понекогаш сторителите се во заблуда дека го сторуваат делото поради благородни причини.
- Прави (специјални) и неправи (општи) дела на омраза
- Доминантен вид на сторители се трагачите по возбуда (особено навивачки групи), за сметка на оние кои делото го прават како реакција или оние кои имаат длабока омраза и извршувањето на делото го третираат како своевидна мисија.
- 2/3 од делата на омраза се дела на насилен криминалитет, додека 1/3 се дела насочени против имотот.

- Доминатна дефиниција во меѓународната заедница: Делата на омраза се противзаконско, насилничко, деструктивно и застрашувачко однесување за кое извршителот е мотивиран со предрасуди кон претпоставената социјална група во која што припаѓа жртвата (Најчести се: раса, религија и етнос). Постојат и меѓународни организации кои нудат свои дефиниции.
- Исто како и кај криминалитетот од омраза, и кај говорот на омраза целната група мора да има свои заштитени карактеристики. Тие карактеристики треба да се неменливи и фундаментални и да функционираат како маркери на групниот идентитет.

## Диференцирање во с-мот на казнени дела

- Поврзаност со с-мот на казнени дела на насилство, но постои пет пати поголема веројатност да биде вклучено насилството (физичко или психичко), а споредено со другите казнени дела, постои и двојно поголема веројатност дека кај манифестираното насилство при делата на омраза, последиците ќе бидат изразени во вид на телесни повреди кај жртвите.
- Објект на заштита не е само непосредната жртва, туку и целата општествена група на која припаѓа жртвата (т.н. Група со заштитени карактеристики).
- ПОЈАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ (семантичка дисекција):
- 1) Анимозитет (непријателство, некогаш пројавено дури и од суеверни побуди)
- 2) Агресија (Не е нужно негативна особина, но резултира со насилство)
- 3) Жртва [Покажуваат поголем револт кај овие дела (околу 65%) отколку жртвите од другите видови криминалитет-60%]

# Дали се овие кривични дела од омраза ?






# Дали е ова дело од омраза?



# Меѓународни и регионални стандарди за криминал од омраза

- [UNDHR – Universal Declaration of Human Rights] Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации [УДЧП] ;
- [ICCPR – International Covenant on Civil and Political Rights] – Меѓународен пакт за граѓански и политички права (МПГПП);
- [ECHR – European Convention on Human Rights] – ЕКЧП (Европска конвенција за човекови права), Член 14: Слични забрани за дискриминација како во УДЧП;

- Еднаквоста и недискриминацијата се основни принципи за човековите права
- **УДЧП** (Universal Declaration of Human Rights)– „Секој има право на сите права и слободи кои се наведени во оваа Декларација, без разликување по било која основа, како што се раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, имот, раѓање или други околности.“;
- **МПГПП (**Меѓународен пакт за граѓански и политички права): Преку читање на одредбите како една целина, државите се обврзуваат да спроведуваат истраги за насилство кое е извршено врз поединци и да ги исполнуваат тие обврски без дискриминација.
- Со Член 6 и 7 државите се обврзуваат да спроведуваат истраги за повреда на правото на живот и нечовечно постапување од страна на јавни органи или приватни лица;
- Со Член 2 се искажува истиот принцип на еднаквост од UNDHR;
- Со Член 26 се бара еднаквост пред законот, еднаква заштита со закон и заштита од дискриминација.

# Меѓународни и регионални стандарди за криминал од омраза

- Според меѓународните стандарди за дискриминација, државата има позитивна обврска да презема проактивни мерки за елиминација на дискриминацијата. Примената на концептот на криминал од омраза за проактивно идентификување на жртвите на расистичко, антиверско и хомофобично насилство, може да претставува важна алатка за елиминација на дискриминацијата од страна на органите на власта и редуцирање на насилните дела засновани на предрасуди кои ги вршат приватни лица.
- Член 4 (а) [CERD – Committee on the Elimination of Racial Discrimination] КЕРД –Комитетот за елиминација на расна дискриминација на ООН;

Од државите се бара да ги утврдат како кривични дела:

„сите дела на насилство или поттикнување на такво насилство насочено против сите раси или секоја група лица од друга боја или друго етничко потекло“;

# ОБСЕ и СЕ

- Заложби на ОБСЕ за криминал од омраза: 2003-2009:
  - Законодавство;
  - Прибирање на податоци;
  - Истрага и кривично гонење;
  - Обука за правосудните органи..

# ОБСЕ

- Како дел од својот проект за градење сеопфатен одговор на органите за кривичен прогон на делата од омраза, ОДИХР има развиено комплет на практични алатки водичи и методологии насочени кон зајакнување на напорите на владата, институциите на кривична правда, агенциите и граѓанските организации.
- Пакетот со алатки се базира на искуството на проектот на ОДИХР во Бугарија, Грција, Италија и Полска за да се истакнат добри практики и научени лекции. Пилот-обуката беше одржана на различни локации во Бугарија ја формираше основата на прирачникот за обука за полицијата и јавните бвинители.

https://www.osce.org/files/ODIHR_Toolkit_Brochure_for_WEB_use_only.pdf

Обуката на ОДИХР програмата дизајнирана за подобрување на полициските вештини во препознавање, разбирање и истражување на злосторства од омраза е наречена – TAHCLE (Во неа дел се посветува на ефективно комуницирање со заедниците на жртвите и градење на јавна доверба). ОДИХР, исто така, ги обучува обвинителите преку програмата за обука за злосторства од омраза (PAHCT) . Канцеларијата исто така има развиено робусна програма за собирање податоци за криминал од омраза, наречена Информации против криминал од омраза криминал (INFAHCT), за да им помогне на земјите учеснички во нивните напори за ефикасно следење и регистрирање на делата од омраза.

# СОВЕТ НА ЕВРОПА

- **Јуриспруденција на Европскиот суд за човекови права:**
- Должност да се спроведува истрага и да се открива криминал кој е мотивиран од припадност на раса или религија (и хомофобија, каде што е соодветно) спроведување брзи и ефективни истраги
- бидејќи еднаквото третирање на „расното или [верски] поттикнатото насилство и бруталност со делата кои немаат расистичка конотација би значело замижување пред специфичната природа на делата кои се особено деструктивни за основните права“.
- Должност да се оценат показателите на предрасуди (вклучувајќи и насилство проследено со говор и постирања на социјалните медиуми).
- Оцената на докази мора да се врши без предрасуди;
- Истрагата не може да исклучува мотиви засновани на предрасуди поради постоењето на други мотиви;
- Посебни закони за криминал од омраза не се потребни; правосудниот систем мора да биде во можност адекватно да спроведува истрага, кривично гонење и адекватно да го казнува криминалот од омраза;
- Каде што е соодветно (земјата е членка на ЕУ), прегледајте го слајд бр. 4

# Меѓународни и регионални стандарди за криминал од омраза

- СОВЕТ НА ЕВРОПА
- Општата препорака бр. 11 на [ECRI – [European Commission against Racism and Intolerance] – ЕКРН (Европска комисија против расизам и нетолеранција) во врска со широката дефиниција за евидентирање на криминалот од омраза:

  „11. Да обезбеди дека полицијата темелно спроведува истраги за расистички дела и целосно ја зема предвид расистичката мотивација кај обичните кривични дела (…) 14. За таа цел, да се усвои поширока дефиниција за расистички инцидент;
- За целите на оваа Препорака, расистички инцидент се смета: „било кој инцидент кој се смета за расистички од страна на жртвата или друго лице“.

# Меѓународни и регионални стандарди за криминал од омраза

- **Европска Унија**
- **Рамковна одлука на Советот 2008/913/JHA** за борба против одредени облици и изрази на расизам и ксенофобија со помош на кривичен закон :
- Член 4: „…ќе ги преземе неопходните мерки за да обезбеди дека мотивацијата заснована на расна припадност и ксенофобија се смета за отежнувачка околност, или, …. може да се земе предвид од судовите при изрекување на казните.“
- **Директива 2012/29/EU** на Европскиот парламент и на Советот од 25 октомври 2012 г. за воспоставување на минимум стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите од криминал .

# Разликата помеѓу криминал од омраза и други форми на нетолеранција

- <u>Говор на омраза</u>
  - Недостаток на посебно кривично дело (нанесување повреда, оштетување на нечиј имот) со исклучок на неколку дела во потесна смисла за кои ќе стане збор подолу.
  - Вообичаено - недостаток на индивидуални жртви: јавен ред и мир/принципот на еднаквост како заштитен јавен интерес
  - Услови и класификација во меѓународното право-
- <u>Дискриминација</u>
  - Недостаток на посебно кривично дело
  - Вообичаено - предмет на граѓанска постапка
- <u>ИНЦИДЕНТИ</u> кои не се кривични дела

# ГОВОР НА ОМРАЗА КАКО КАЗНЕНОПРАВЕН И КРИМИНОЛОШКИ ФЕНОМЕН

- На говорот на омраза му се прилепува првиот суштински елемент на делата на омраза-анимозитетот. Ако мотивот или содржината со предрасуда се тргнат, ќе нема казнено дело.
- Не постои универзално прифатена дефиниција за терминот „говор на омраза“ во меѓународното право. Според некои теоретичари овие дела не се посебна криминолошка дисциплина како такви, туку спаѓаат во корпусот на „вербални деликти“. Такви деликти се и клеветата и навредата.
- Треба да се прифати гледиштето дека на говорот на омраза му недостига првиот суштински елемент на криминалот од омраза односно базичното казнено дело (ако мотивот или содржината со предрасуда се тргнат, ќе нема казнено дело). Директното и непосредно поттикнување на казнени дела вообичаено е забрането. Таму каде што ќе се појави вакво поттикнување со мотив од предрасуда, тоа треба да биде категоризирано како криминал од омраза бидејќи постои базичното казнено дело.
- Говорот на омраза потенцијално води кон криминал од омраза.

# ДЕФИНИЦИИ и историски развој на говорот на омраза

Историски, говорот на омраза пред Втора светска војна бил нарекуван „групна клевета“, а по Војната го добил актуелниот назив и тоа било во САД. Широка употреба доспева во 80-тите год. на XX век.

Според теоретичарите, говорот на омраза се дефинира како „комуникациски чин кој служи за напаѓање одредени групи или поединци врз основа на нивна посочена особеност, припадност или уверување. Според поопширните дефиниции, говорот на омраза претставува усно или писмено комуницирање или друг облик на јавно изразување на став во кој било облик на комуникација (со конклудентни дејствија, гестови, користење симболи итн.) со други, која комуникација содржи намера, заснована врз предрасуди, да: дискриминира, вознемири, предизвика реакција или поттикне негативен став, нетолеранција, непријателство или насилство спрема поединци или групи луѓе, врз основа на нивната расна или родова припадност, возраст, етничка припадност, националност, верско уверување, сексуална ориентација, родов идентитет, хендикеп, јазична припадност, културна припадност, морални или политички ставови, социјална состојба, занимање, ментални и физички особини, или која било друга особина.

Теоретичарите велат: „Секој негативен и навредлив говор не е и говор на омраза, но секој говор на омраза е и негативен и навредлив говор“.

**„Јазикот на омраза“ се врзува со манифестирањето дух на нетолеранција со посредство на медиумите,**
**„Говорот на омраза“ се врзува со јавните настапи во другите канали на комуникацијата, формална и неформална. Тоа ја вклучува комплетната јавна сфера: политиката, културата, уметноста, наука/квазинаука, образование, спорт. Постои и приватна сфера која, исто така, го генерира духот на нетолеранција, односно го поттикнува говорот на омраза - спортски терени, кафеани, улици и сл.**
**Клеветата и навредата се експресии на говорот на омраза. Иако со говорот на омраза може да биде навредено/наклеветено конкретно лице, сепак, тоа не е навредено како посебна индивидуа, туку како член на конкретна заедница, со која споделува определени идентитетски карактеристики. Ова се нарекува „посредувано одбивање”.**
**Но, повредата на достоинството на индивидуата со говорот на омраза не може да се карактеризира едноставно како навреда или клевета. Во случајот на говор на омраза повеќе се работи за понижување на индивидуата.**

**Европското искуство прифаќа да влезе во правна разврска на преклопените права: правото на слобода на изразување и правото да не се биде навредуван по етничка и културна основа. Оваа разврска оди кон „стеснување“ на слободата на изразување и кон поголем социјален простор за слободата на изразување на културните говори.**

**Во Основниот закон на Германија, во член 5, се стипулира дека: „секоја индивидуа има право на слобода на изразување, но овие права се ограничени кога станува збор за - правото на лична чест.“ Во член 1 се вели дека „човековото достоинство е од најголема вредност“, и член 18 дозволува намалување на другите права, кога правото на достоинство е прекршено. Во Германскиот Казнен кодекс постојат релевантни членови кои го тангираат говорот на омраза, па такви би биле: чл.13 чл.185, чл.189, чл.194, но најважен е чл.130 со кој се забранува поттикнувањето на омраза или насилство против делови од популацијата или напади на човековото достоинство, и исто така, ги забранува ширењето и публикацијата на пораки на омраза, вклучително преку емитување; го казнува негирањето на Холокаустот; се пропишува казна затвор од 3 месеци до 5 години.**

**Говорот на омраза во голема мера е забранет и во: Австрија, Белгија, Кипар, Англија, Франција, Италија, Холандија, Швајцарија, Данска, како и повеќето држави од Источна Европа.**

**Белези на судската практика во САД, потврдена и од Врховниот суд се:**
**Заштитена е слободата на говорот дури и кога произлегува од анонимен извор,**
**Не е прекршување на Првиот амандман доколку постојат норми кои ги санкционираат вербалните напади преку интернет, предизвикани само поради потеклото, бојата, полот или сексуалниот идентитет на поименично нападнатиот поединец, но не и доколку овие субјекти претходно изразиле некој провоцирачки став,**
**Говорот на омраза изразен преку интернет е еднаков со говорот на омраза преку другите медиуми или други форми на јавност,**
**Дозволена е слободната експресија, но не е дозволено да се упатуваат закани по безбедноста и**
**Не е дозволено да се злоупотребува слободата на говорот за планирање, подготвување или апологија на казнено дело.**

**ЗАКЛУЧОК:.**
**Во САД се смета дека најдобриот лек за лошиот говор е добриот говор.**

# Македонски модел

- Кривична одговорност на говорот на омраза е предвидена во: кривично дело –Загрозување на сигурноста од чл.144 од КЗ, „Излагање на подбив на македонскиот народ и припадници на заедниците“ од чл.179, „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа“ од чл. чл.319, „Учество во странска војска, полиција, параоени или параполициски формации“ од чл.322-а, „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ од чл.394-г, „Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства“ од чл.407- а и „Расна и друга дискриминација“ од чл.417 ст. 3 од КЗ.
- Прекршочна одговорност пак, е предвидена со ЗААВМУ. Согласно чл.48 во програмите на радиодифузерите и програмите што се емитуваат на јавните комуникациски мрежи не се дозволени програми насочени кон, меѓу другото, разгорување на национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост. Повредата на оваа забрана е предвидена како прекршок (чл.166 т.10).
- Кодексот на новинарите на Македонија за говорот на омраза пропишува морална одговорност.

## Пример од Законот за прекршоци против јавен ред и мир на инцидент кој не е кривично дело

- Член 18: „Кој неовластено отстрани, искине, замачка, оштети или на било кој начин ги изложи на подбив државите симболи на Република Македонија, симболите на припадниците на заедниците или истакне знаме или грб кој не ги содржи обележјата пропишани со закон ќе му се изрече глоба во висина од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност.“

## Пример од Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортски натпревари на инцидент кој не е кривично дело

- Член 3> Под насилство и недостојно однесување на спортските натпревари се смета: внесување и истакнување на транспаренти, знамиња и други предмети со текст, слика, знак или други обележја, како и пеење на песни или дофрлување на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност или врз основа на други особини; палење на навивачките реквизити, знамиња на други држави, знамиња на други клубови и други предмети. Заканета глоба за прекршок – во износ од 550 до 750 евра
- Овие дејствија добиваат потежок облик доколку се извршуваат од страна на маскирано лице (ст.2). Во тој случај покрај со глобата прекршокот може да се санкционира и со забрана за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари во траење најмногу до три години.

# ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

- Член 6 - Дефиниција на дискриминација

Секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

- Член 5 - Дискриминаторска основа

Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

- Член 122 т.42 [Дефинирање на терминот „кривично дело од омраза"]

„...поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување."

## ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

- Член 45 - Прекршочен орган

За прекршоците утврдени во овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот.

- Член 46 - Формирање и работа на Прекршочната комисија

(1) Прекршочната постапка од членот 45 од овој закон пред прекршочниот орган ја води Комисијата за одлучување по прекршок формирана од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот.

# Што претставува гонењето на криминал од омраза ?

## 3 принципи на гонењето на криминал од омраза

- Изведување на докази за мотивот на обвинетиот
- Давање можност искуствата на жртвата со пристрасност да бидат препознаени пред кривичниот суд
- Барање соодветна казна за делото

# Зошто е важно гонењето на криминалот од омраза?

- Придонесува за ефектот на одвраќање кој го има казната врз сторителот и потенцијалните сторители;
- Праќа порака до жртвите, заедниците и општеството дека насилното манифестирање на нетолеранција активно ќе се гони од органите на правдата.
- Помага во превенцијата на дела од одмазда и
- Се исполнуваат меѓународните обврски и заложби на државите за спроведување на ефективни истраги и кривично гонење на криминалот од омраза.

# Законодавство за криминал од омраза

**Што претставува законодавството за криминал од омраза?**

Нема потреба од посебен наслов или дел во рамки на законодавството;

- Било кој член во кривичниот законик кој посебно ја препознава пристрасноста како мотивација при докажувањето или казнувањето на кривичното дело.
- До 8 јануари 2019 година, единствената одредба која се однесува на криминалот од омраза беше општата одредба за заострување на казната од член 39 став [Општи правила за одмерување на казната]. Меѓутоа, оваа одредба речиси никогаш не беше користена (Исклучок е даден пример со скопската пресуда од 2016 година).

# Пристрасна мотивација (предрасуда)

- Сторителот ја избрал метата на кривичното дело според некоја заштитена карактеристика.
  - Мета може да биде физичко лице, група на луѓе или имот поврзан со одредена група која има заедничка заштитена карактеристика.
  - Заштитена карактеристика е основна или клучна карактеристика која ја споделува една група, како што се „раса“, религија, етничко потекло, јазик или сексуална ориентација.

# КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

- **Член 39 [Општо правило за одмерување на казната]**

„(5) При одмерување на казната судот посебно ќе има предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор.“

# Специфично зголемување на казната

- **Член 122 [Дефинирање на терминот „кривично дело од омраза”]**

„(42) Како дело од омраза изречно предвидено со одредбите од овој Законик, се смета кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување.”

# Квалифицирани ставови од членови од КЗ кога мотивот за стореното дело е „од омраза“:

- **Член 123 [Убиство]**
- Став 2, алинеја 4
- „(2) Казна затвор од најмалку десет години или доживотен затвор ќе му се изрече на тој кој:
- - лишува друг од живот од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобѕирна одмазда, **од омраза** или од други ниски побуди“.
- **Член 130 [Телесна повреда]**
- Ставовите 2 и 3:
- „(2) Тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.
- (3) Со казната од ставот (2) на овој член ќе се казни тој што делото ќе го стори **од омраза**.“

- **Член 131 [Тешка телесна повреда]**
- Ставовите 1 и 2:
- „(1) Тој што друг тешко телесно ќе го повреди или здравјето тешко ќе му го наруши, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.
- (2) Тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство или **од омраза** ќе се казни со затвор од една до пет години.“
- **Член 139 [Присилба]**
- Ставовите 1 и 2:
- „(1) Тој што со сила или сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори или да трпи нешто, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.
- (2) Ако делото од став 1 е сторено при вршење семејно насилство или **од омраза**, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.“

**Член 140 [Противправно лишување од слобода]**

- Ставовите 1 и 2:
- „(1) Тој што друг противправно ќе затвори, ќе го држи затворен или на друг начин ќе му ја земе или ограничи слободата на движење, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.
- (2) Ако делото од став 1 е сторено при вршење семејно насилство или **од омраза**, или спрема дете, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.“

- **Член 142 [Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување]**
- Ставовите 1 и 2:
- „(1) Тој што во вршењето на службата, како и тој што наведен од службено лице или врз основа на негова согласност, ќе употреби сила, закана или друго недопуштено средство или недопуштен начин со намера да изнуди признание или некоја друга изјава од обвинетиот, сведокот, вештакот или друго лице, или ќе предизвика кај друг тешко телесно или душевно страдање за да го казни за кривично дело што го сторило или за што е осомничен тој или друго лице, или за да го заплаши или да го присили на откажување од некое негово право, или ќе предизвика такво страдање поради каков било облик на дискриминација, ќе се казни со затвор од три до осум години.
- (2) Ако поради делото од став 1 настапи тешка телесна повреда или други особено тешки последици за оштетениот или делото е **сторено од омраза**, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.“

- **Член 144 [Загрозување на сигурноста]**
- Ставовите 1 и 2:
- „(1) Тој што ќе ја загрози сигурноста на друг со сериозна закана дека ќе нападне врз неговиот живот или тело или животот или телото на нему блиско лице, ќе се казни со парична казна или со затвор до шест месеци.
- (2) Тој што ќе го стори делото од став 1 при вршење семејно насилство или **од омраза** ќе се казни со затвор од три месеци до три години."
- **Член 155 [Спречување или смеќавање јавен собир]**
- Ставовите 1 и 2:
- „(1) Тој што со сила, сериозна закана, измама или на друг начин ќе спречи или ќе смеќава свикување или одржување мирен јавен собир, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.
- (2) Ако делото од став 1 на овој член е сторено **од омраза** или го стори службено лице со злоупотреба на својата службена положба или овластување, ќе се казни со затвор од три месеци до три години."

- **Член 186 [Силување], ст.1 и 3**
- "(1) Тој што друг со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или тело или врз животот или телото на нему блиско лице, ќе го присили на обљуба, ќе се казни со затвор од три до десет години.
- (3) Ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин или **од омраза**, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.“
- **Член 187 [Обљуба врз немоќно лице], ст.1,2 и 3.**
- „(1) Тој што врз друг ќе изврши обљуба, злоупотребувајќи го душевното заболување, душевната растроеност, немоќта, заостанатиот душевен развој или друга состојба поради која тоа лице е неспособно за отпор, ќе се казни со затвор најмалку осум години.
- (2) Ако делото од ставот (1) на овој член е сторено врз дете кое наполнило 14 години сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години.
- (3) Ако поради делото од став 1 и став 2 настапила тешка телесна повреда, смрт или друга тешка последица или делото е сторено од страна на повеќе лица, на особено суров или понижувачки начин или **од омраза**, сторителот ќе се казни со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор.“

- **Член 188 [Полов напад врз дете кое не наполнило 14 години]**
- Ставовите 1 и 2:
- „(1) Тој што ќе изврши обљуба или друго полово дејствие врз дете кое не наполнило 14 години, ќе се казни со затвор најмалку 12 години.
- (3)  Ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин или **од омраза**, сторителот ќе се казни со затвор најмалку 15 години или со доживотен затвор.“
- **Член 208 [Неукажување медицинска помош]**
- Став 1:
- „(1) Лекар или друг здравствен работник кој спротивно на својата должност нема да му укаже неодложна медицинска помош на лице кое се наоѓа во опасност за животот или делото е сторено **од омраза**, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.“

- **Член 236 [Тешка кражба]**
- Став 1:
- „(1) Ако кражбата е сторена:
- Т. 7. **од омраза**, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.“
- **Член 237 [Разбојништво]**
- Ставовите 1 и 2:
- „(1) Тој што со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото на друг ќе одземе туѓ подвижен предмет со намера противправно да го присвои, ќе се казни со затвор најмалку пет години.
- (2) Ако вредноста на одземениот предмет е од големи размери или делото е сторено **од омраза**, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.“

Член 238 [Разбојничка кражба]

Ставовите 1 и 2

(1) Тој што, затечен во кражба, ќе употреби сила или закана дека непосредно ќе нападне врз животот или телото на друг со намера украдениот предмет да го задржи, ќе се казни со затвор најмалку пет година.

(2) Ако вредноста на украдените предмети е од големи размери или делото е сторено **од омраза**, сторителот ќе се казни со затвор најмалку осум години.

- Член 243 [Оштетување туѓи предмети]
- Ставовите 1 и 2:
- „(1) Тој што ќе оштети, уништи или стори неупотреблив туѓ предмет, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.
- (2) Ако штетата е од значителна вредност или предметите се добра под привремена заштита или културно наследство, или делото е сторено **од омраза**, сторителот ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години."

- **Член 258 [Изнуда]**

- Став 1
- „(1) Тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист со сила или со сериозна закана ќе присили друг да стори или да не стори нешто на штета на свој или на туѓ имот, ќе се казни со затвор најмалку една година.
- (2) Тој што делото од став 1 ќе го стори во состав на група, банда или друго здружение или со употреба на огнено оружје или опасно орудие, на особено насилен начин или ако притоа е прибавена значителна имотна корист или настапила значителна имотна штета или на некое лице со умисла му е нанесена тешка телесна повреда, или делото е сторено **од омраза** ќе се казни со затвор најмалку четири години.“

- **Член 386 [Насилство]**
- Ставовите 1, 2, 3 и 5:
- „(1) Тој што друг малтретира, грубо навредува, ја загрозува неговата сигурност или врз него врши грубо насилство и со тоа во јавноста предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.
- (2) Тој што со фрлање на пиротехнички средства или предмети со кои може да се загрози животот или телото на друг или имотот на објекти во спортски терен или гледалиште или со влегување во спортскиот терен со намера да предизвика тепачка или друго насилство, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.
- (3) Ако делото од ставовите (1) и (2) на овој член е извршено во група од две или повеќе лица или насилството е извршено над повеќе граѓани или сторителот телесно повредил друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.
- (5) Ако делото од ставовите (1), (2) и (3) на овој член е сторено од **омраза** или имало за последица предизвикување на тепачка, нереди и оштетување на имот од поголема вредност, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.“

- **Член 400 [Сквернавење на гроб]**
- Ставовите 1 и 2:
- „(1) Тој што неовластено ќе прекопа, разурне или оштети гроб или друго место во кое се закопуваат умрените или грубо ќе ги повреди, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.
- (2) Тој што дејствијата од став (1) на овој член ќе ги стри **од омраза** или со извршување на дејствијата од ставот (1) на овој член ќе осквернави два или повеќе гроба, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години."

# В) Останати релевантни одредби од КЗ

- **Член 132  [Учество во тепачка]**
- Став 1
- „(1) Тој што учествува во тепачка во која некој е лишен од живот или на друг му е нанесена тешка телесна повреда, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.“

- **Член 259 [Уцена]**

- „(1) Тој што со намера за себе или за друг да прибави противправна имотна корист ќе му се закани на друг дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би можело да и наштети на неговата или нивната чест или на неговиот или нивниот углед и со тоа го присили да стори или да не стори нешто на штета на својот или на туѓ имот, ќе се казни со затвор од три месеци до пет години.“

- **Член 353 [Злоупотреба на службената положба и овластување]**
- „ (1) Службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.“
- **Член 143 [Малтретирање во вршење на службата]**
- „Тој што во вршењето на службата малтретира друг, го заплашува, го навредува или воопшто спрема него постапува на начин со кој се понижува човечкото достоинство и човековата личност, ќе се казни со затвор од една до пет години.“

# ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ

- Товарот на докажување во кривичните постапки е повисок во однос на граѓанските постапки за дискриминација, а тоа може да го отежне докажувањето на предрасудите во врска со карактеристиките кои не се лесно воочливи (образование, богатство, социјална положба, брак, итн.)
- Криминалот од омраза, како и другите видови кривични дела, може да биде извршен од повеќе побуди. Тоа честопати се пројавува во кривични дела во кои има некаков економски елемент, покрај мотивираноста од предрасуди. Повеќето земји имаат закони кои не налагаат предрасудите или предубедувањата да бидат единствениот мотив: на пример, многу земји имаат закони за криминал од омраза кои земаат предвид  мешовити мотиви.

# ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ

- Правните празнини може да се пополнат со помош на достапните законски одредби и практики. Честопати, употребата на општи одредби за одмерување на казната може да отвори врата за заштита на групите кои не се изречно опфатени.
- **Дали е потребно жртвата да биде припадник на целна група?** Не. Акцентот во законот е на ставот на сторителите и нивната мотивација; може да бидат вклучени и жртви преку асоцијација и жртви кои погрешно се сметаат за припадници на заштитената група.
- Некои инциденти не се опфатени со материјалните одредби, како на пример, помалку сериозни дела на насилство, заканувачно однесување. Тие треба да бидат опфатени во фазата на одмерување казни со повикување на Член 39 став 5;

# ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ

- Инцидентите кои не го достигнале потребниот праг на сериозност, не се изречно опфатени со материјалната одредба („*Тој што ќе ја загрози сигурноста на друг со сериозна закана дека ќе нападне врз неговиот живот или тело или животот или телото на нему блиско лице*…“); меѓутоа, доколку се има пристап ориентиран кон жртвата, може да се интерпретира дека жена на која ѝ е отстранета марамата од глава, може оправдано да се чувствува загрозена; на крај, може да се применат и член 139 (Присилба) или член 386 (Насилство), од кои вториот предвидува делото да има влијание врз јавноста.
- Помалку сериозни дела на насилство, како на пример, плукање кон некој или отстранување на марама, не може да бидат покриени со член 130 (Телесна повреда) но, член 386 став 5, може евентуално да биде искористен „…*ја загрозува неговата сигурност или врз него врши грубо насилство и со тоа во јавноста предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв“;* меѓутоа, тука постои предуслов дека делото (1) мора да е сторено на јавен простор и (2) има загрозувачка природа за јавноста- во многу случаи, инциденти кои се случуваат во јавен простор или во јавност воопшто може да се подведат под овој член.

# ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ за ЈО

- погрижете се да ги наведете сите факти што укажуваат на мотив заснован на предрасуди во обвинителниот акт, во текот на судењето и завршниот говор;
- инсистирајте пресудата да ја земе предвид мотивацијата на сторителот;
- употребувајте ги сите достапни правни лекови ако судот не го одразува мотивот заснован на предрасуди во пресудата;
- жртвите треба да бидат информирани за преземените чекори од страна на властите;
- потпирајте се на целосноста на доказите, вклучувајќи ги и индиректните докази.

# Пристрасни индикатори (предрасуди)

- Перцепцијата на жртвата или сведоците
- Коментари, напишани изјави, гестови или графити;
- Разлики помеѓу сторителот и жртвата врз основ на етничка, религиозна или културна основа;
- Организирани групи од омраза;
- Локација и време;
- Шема/зачестеност на инцидентите/кривични дела;
- Природа на насилството;
- Недостаток на други мотиви.

# RAHOWA

# ZOG





# 18








# Во случај на антисемитизам

- Тие дела се насочени против цели кои се однесуваат на еврејската историја и холокаустот.
- Перцепција на жртвата/сведокот
- Дали жртвата или сведоците сметаат дека стореното кривично дело било предизвикано од антисемитизам?
- Коментари, писмени изјави, гестови или графити
- Дали осомничениот давал коментари, писмени изјави за Евреите, Израел и холокаустот, за припадноста или претпоставената припадност на жртвата кон еврејската заедница или за наводниот израелски идентитет на жртвата?
- Дали на местото на инцидентот биле најдени цртежи или графити на симболи, како што се ѕвездата на Давид или нацистички симболи, како кукаст крст?
- Ако цел на нападот било место со религиозно или културно значење, дали на местото на настанот бил најден предмет што е навредлив за Евреите (како свинско месо или крв)?

# БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

- ПРАШАЊА?